Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација
# **период јули-септември 2023 година**

Скопје, октомври 2023 година

# 268

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 15

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јули до септември 2023 година

## ПРЕТСТАВКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во третиот квартал на 2023 година до КСЗД се доставени 268 претставки, и тоа 244 од физички лица и 24 од правни лица.

Споредено со истиот период од 2022 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 347%. Зголемувањето се должи на огромен број пријави за еден ист настан.




Од подносителите физички лица 33 не доставиле податок за припадноста по пол. Од оние кои доставиле, 123 (58%) биле жени и 88 (42%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 60 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 182 биле Македонци и 1 од Ромска етничка припадност. До КСЗД е доставена и 1 претставка од граѓанин кои се изјаснил за друга националност, односно Германска.




Во поглед на возраста, најмногу претставки биле поднесени од граѓани на возраст 41-50 години и 31-40 години. Потоа следат поднесоците од граѓани на возраст од 51-60 години и 61-70 години. 27 подносители не доставиле податок за нивната вораст.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




163 претставки поднеле граѓани/правни лица од Струмица. Потоа следат:

- 49 од Скопје
- 6 од Богданци
- 4 од Валандово, Илинден, Ново Село и Охрид
- 3 од Битола
- 2 од Босилово, Велес, Гостивар и Куманово.
- по 1 претставка од општините Врапчиште, Дојран, Долнени, Маврово и Ростуше, Македонски брод, Неготино, Прилеп, Свети Николе, Тетово и Штип.
- 2 од ГО со седиште во Брисел.
- 11 подносители не доставиле адресен податок

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ НА 2023




Во третото тримесечје на 2023 година КСЗД одлучуваше по вкупно 88 претставки за заштита од дискриминација.

Донесени се 46 мислења од кои во 15 случаи се утврди дискриминација, а во 31 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало по 42 претставки.

Заклучно со 30 септември 2023 година за 259 претставки постапувањето, односно одлучувањето на КСЗД е во тек.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Најчест вид на дискриминација утврден во 10 случаи е директната дискриминација. Во 4 од случаите се утврди дека истата е од потежок облик, и тоа: интерсекциска во 2, продолжена во 1 и повеќекратна во 1 случај. Во 1 од случаите се утврди и виктимизација.

Утврдени се 4 случаи на вознемирување, од кои во 1 случај со истовремено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

КСЗД во третиот квартал утврди и 1 случај на индиректна дискриминација.

## Основи на утврдена дискриминација




Во 15-те случаи на дискриминација КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 14 различни основи. Во 6 случаи е утврдена врз една основа, а во 9 како дискриминација врз две или повеќе основи.

Лично својство и општествен статус е најчеста основа утврдена во 5 случаи во третиот квартал на 2023 година. Потоа следат основите: етничка припадност, пол, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, социјално потекло, политичко уверување, имотен статус, боја на кожа, род, државјанство и здравствена состојба.

Во 2 случаи КСЗД утврди дискриминација и врз друга основа - бременост.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во третиот квартал на 2023 година биле утврдени во областа на работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во областите јавно информирање и медиуми, пристап до добра и услуги, правосудство и управа, образование, наука и спорт, и областа членување и дејствување во синдикални, политички партии , здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Свештено лице во јавен настап изврши вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кон ЛГБТИ+ заедницата**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено кон ЛГБТИ+ заедницата. Станува збор за јавен настап на свештено лице, односно гостување во емисија на една телевизија, со изнесување вознемирувачки говор врз лицата од оваа заедница. Комисијата препорача дискриминаторот во иднина да се воздржи од јавни настапи кои содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која дискриминаторска основа, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација и да се извини јавно. Бидејќи утврдениот дискриминатор одби да постапи по препораката, Комисијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Утврдена директна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст од страна на МОН**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст во областа образование од страна на МОН и министерот за образование, но и индиректна, продолжена интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст во областа образование сторена од страна на МОН, преку Законот за средно образование кон учениците со посебни образовни потреби од средното образование. По добиена претставка за заштита од дискриминација, за необезбедување образовен асистент за ученик со посебни образовни потреби во средно образование, Комисијата работејќи на случајот увиде дека, Законот не го предвидува концептот на инклузија и на тој начин не предвидел образовна асистенција на средношколците со посебни образовни потреби, ниту поддршка за учениците од средно образование со попреченост. На овој начин е пропуштено да се изврши соодветно прилагодување на средното образование кон потребите на учениците со посебни образовни потреби кои се запишани во стручно образование, гимназиско образование и средно уметничко образование, бидејќи Законот за овие ученици не предвидел начин и услови за следење на наставата во редовниот образовен процес – инклузија. На овој начин, од дискриминацијата која ја продуцира Законот се јавува штетна последица кон засегнатите ученици, а тоа е оневозможување за стекнување на квалитетно образование на еднаква основа со средношколците кои немаат потреба од дополнителна асистенција или поддршка во образовниот процес. Врз основа на утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во рамки на Мислењето даде препорака, Министерството за образование и наука да го отстрани нееднаквиот третман спрема подносителот, со тоа што ќе му обезбеди образовен асистент и еднаков квалитет на средното образование како на останатите средношколци кои имаат потреба од образовна поддршка и ќе иницира измени и дополнувања на важечкиот Закон за средно образование или да иницира нов предлог закон за средно образование, во кои соодветно ќе биде интегриран принципот на инклузија и ќе се овозможи еднаков квалитет на средно образование за учениците со посебни образовни потреби/ попреченост во редовното средно образование.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk